## *Препораки за законите за слобода на информирање*

За доброто на слободниот пристап до информации во општеството и за слободата на медиумите:

Сите земји учеснички треба да усвојат легислатива за слобода на информирање, која на сите поединци и организации ќе им понуди законско право да бараат и добијат информации од јавните тела и од оние кои извршуваат јавни функции. Поединците треба да имаат и право на пристап и исправка на сите лични податоци кои се чуваат, а се во врска со нив.

Јавните тела треба да законски да се обврзат на брз одговор на сите барања за информации. Барањата за кои времето е клучен елемент или кои се однесуваат на блиска закана по здравјето или безбедноста треба веднаш да бидат одговорени. Процесот на барање на информации треба да биде едноставен и бесплатен или со ниска цена.

До некои информации со чувствителна природа може да не биде дозволен пристапот за одредено и ограничено време, во периодот додека трае нивната чувствителност. Исклучоците треба да се ограничат. Службеникот кој сака да одбие пристап до некоја информација, мора да ја објасни штетата која би се случила при секој поедичен случај на одбивање на барање за приатап. Во секој случај посебно треба да се зема предвид јавниот интерес од издавање на бараната информација. Во случаи кога информацијата може да се смета за чувствителна според било кој друг закон, законот за слобода на информирање мора да има приоритет.

Треба да постои и адекватен механизам за жалба на секое одбивање на барање. Ова треба да вклучи постоење на независно набљудувачко тело, како Народен правобранител или Комисија која може да истражи или нареди пристап до бараната информација. Телото треба да ја промовира и да едуцира за слободата на информирање.

Владините тела треба да бидат обврзани со закон редовно да објавуваат информации за нивната структура, персонал, активности, правила, раководство, одлуки, набавки и други информации од јавен интерес во формати во кои е вклучени и употребата на информациски и комуникациски технологии и јавни читални или библиотеки за да се обезбеди лесен и достапен пристап.

Треба да постојат и санкции за оние службеници или тела кои намерно ќе одбијат пристап до информација и со тоа го кршат законот.

## *Препораки за правилата на класификација на информации*

Дефиницијата за државна тајна треба да се ограничи само на информации кои директно се однесуваат на националната безбедност на државата и во случи кога нивното неовластено издавање може да доведе до конкретни и сериозни последици. Информациите кои се категоризирани како “службени” или “професионални” тајни не треба да се класифицираат како дравни тајни. Границите за нивно издавање треба да се бараат во Законот за пристап до информации.

Информациите кои се однесуваат на прекршување на законот за човечки права, на грешки или злоупотреба на администрацијата, на закани за општото здравје и животна околина, на здравјето на јавни лица на високи позиции, статистички и социо-економски или културни информации, основни научни информации или оние информации кои би нанеле срам на поединци или организации, не треба да се категоризираат како државни или службени тајни.

Информациите може да се категоризираат како државни тајни само на одредено време, во случи кога објавување на информацијата би предизвикало сериозна штета на интересот на државата. Класифицираната информација треба редовно да се разгледува и да се одреди датум по кој ќе биде декласифицирана и објавена. Треба да се претпостави дека ниедна информација не треба да биде класифицирана повеќе од 15 години, освен ако не постојат силни причини за нејзино натамошно држење во тајност.

Владите треба да спроведат прегледи на сите тајни информации и автоматски да ги декласифицираат и објават. Сите информации кои биле претходно класифицирани од страна на претходна недемократска влада треба да се декласифицираат и да се објават, освен ако не се смета дека нивното објавување претставува опасност за националната безбедност или неовластено нарушување на приватноста.

Треба да постои независно тело кое не е дел од разузнавањето, војската или безбедносните служби и кое ќе има увид во класифицираните информации и ќе се грижи системот да функционира правилно, кое ќе прима жалби за нерегуларно класифицирање на информации и кое ќе ги разгледува класифицираните информации и ќе наредува нивно декласифицирање.

Треба да постојат и санкции за оние кои намерно и нерегуларно ќе одредат некоја информација за тајна или кои ќе одржуваат претерана тајност.

***Препораки за кривични санкции за ‘нарушување на тајноста’:***

Забраните од Кривичниот и Граѓанскиот закон треба да се применуваат на јавни лица и други кои имаат специфична законска должност да одржат доверливост.

Издавачите на тајни (“Whistleblowers”) кои ќе оддадат тајна информација која е од јавен интерес за медиумите, не треба да бидат подложени на законска или административна санкција ниту санкција поврзана со работата.

Тестот на јавниот интерес од објавувањето на тајната информација треба да стане соствен дел од законите за објавување на информации.

***Препораки за заштита на изворот***

Секоја земја учесничка треба да усвои прецизен закон за заштита на изворот, за да се обезбеди признавање и заштита на овие права.

Новинарите не треба да се повикуваат да сведочат на кривични или граѓански судења или да даваат информации како сведоци, освен во случаи кога тоа е апсолутно неопходно, кога бараната информација не може да се добие на ниту еден друг начин и ако не постои можност дека со тоа ќе се доведе во опасност здравјето или благосостојбата на новинарот и ако не се доведува во прашање неговата или нечија друга натамошна способност за прибирање информации од слични извори.